# ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ
# ДАЛИ СТЕ РАБОТОДАВЕЦ КОЈ САКА ДА ВРАБОТИ МЛАДО ЛИЦЕ?

Вистинското лице за вашиот бизнис може да биде некое младо лице со попреченост. Постојат три служби на Австралиската влада кои може да ви помогнат да најдете и задржите на работа млад работник или работничка со попреченост.

**Службата за вработување лица со попреченост (Disability Employment Services - DES)** може да ви обезбеди низа бесплатни услуги, вклучително помош да вработите и задржите млади работници и/или работнички со попреченост. Тие се со договор обврзани даватели на владини услуги и поддршка за вработување, кои им помагаат на лица со попреченост, повреда или здравствена состојба, кои ги исполнуваат условите, да најдат и останат на работа.

**Програмата за развој на заедницата (Community Development Programme - CDP)** може да ви помогне да го најдете вистинскиот персонал ако живеете во некој оддалечен дел на Австралија и сакате да вработите млад работник или работничка со попреченост.

**Обуката за занает и стажирањето (Apprenticeships and Traineeships)** може да бидат добри начини да привлечете, обучите и задржите работници заради задоволување на конкретните потреби на вашиот бизнис и дејност.

- **Австралиската обука за занает (Australian Apprenticeship)** е дизајнирана да биде флексибилна во задоволувањето на вашите потреби и на потребите на вработените.
- **Поддршка на плата на Австралиец или Австралијанка со попреченост кој се обучува за занает (Disabled Australian Apprentice Wage Support - DAAWS)** е исплата што може да ви помогне да обезбедите лицето со попреченост што го обучувате да може целосно да учествува во неговата или нејзината обука. DAAWS ви е исто така на располагање ако лицето што го обучувате се здобие со попреченост за време на неговиот или нејзиниот период на обука или стажирање.

Ако сакате повеќе информации за овие услуги, може да ја посетите интернет страницата на JobAccess на www.jobaccess.gov.au или јавете се на советник на JobAccess на 1800 464 800 – повици од мобилни телефони се наплатуваат.

Australian Government

JobAccess is the national hub for workplace and employment information for people with disability, employers and service providers.

**1800 464 800** **www.jobaccess.gov.au**